**Повелба за унапредување на здравјето од Отава**

**Прва меѓународна конференција за унапредување на здравјето**
**Отава, 21 ноември 1986 - WHO/HPR/HEP/95.1**

На првата меѓународна конференција за унапредување на здравјето, која се одржа во Отава на 21 ноември 1986, ја претставуваме оваа ПОВЕЛБА за дејствување за да се постигне Здравје за сите до 2000 година и понатаму.

Оваа конференција првенствено претставуваше реакција на зголемените очекувања за ново светско движење за јавно здравје. Дискусиите се фокусираа на потребите во индустриските земји, но притоа во предвид се земаа сличните загрижености во сите други региони. Тоа беше надградба на напредокот кој беше постигнат со Декларацијата за примарна здравствена заштита во Алма-Ата, целите на Светската Здравствена Организација за документот Здравје за сите, и неодамнешната дебата на Светското собрание за здравје за меѓусекторското постапување за здравје.

**Унапредување на здравјето**

Унапредувањето на здравјето е процес со кој на луѓето им се овозможува да ја зголемат контролата над и да го подобрат своето здравје. За да се достигне стадиум на комплетна физичка, ментална и социјална благосостојба, поединецот или групата мора да бидат во можност да ги идентификуваат и да ги реализираат своите аспирации, да ги задоволат потребите, да ја променат или да се справат со средината. Оттаму, на здравјето се гледа како на ресурс за секојдневното живеење, а не како на цел за живеење. Здравјето е позитивен концепт со кој се истакнуваат социјалните и личните ресурси, како и физички капацитети. Оттаму, унапредувањето на здравјето не е само одговорност на здравствениот сектор, туку оди понатаму од животните стилови до благосостојбата.

**Предуслови за здравје**

Основните услови и ресурси за здравје се:
- мир
- покрив над глава
- образование
- храна
- приходи
- стабилен еко-систем
- одржливи ресурси
- социјална правда и правичност.

За подобрување на здравјето неопходна е безбедна основа во овие основни предуслови.

**Застапување**

Доброто здравје е главен ресурс за социјален, економски и личен развој и важна димензија за квалитет на живот. Политичките, економските, социјалните, културолошките, бихејвиоралните и биолошките фактори може да бидат во прилог или на штета на здравјето. Унапредувањето на здравјето има за цел да се направат сите овие услови поволни преку застапување за здравјето.

**Овозможување**

Унапредувањето на здравјето се фокусира на постигнување на правичност во здравјето. Постапувањето за унапредување на здравје има за цел да се намалат разликите во моменталната здравствена состојба и обезбедување на еднакви можности и ресурси за да им се овозможи на сите луѓе да го постигнат својот целосен потенцијал за здравје. Тука спаѓа безбедната основа во средина со поддршка, пристап до информации, животни вештини и можности за носење на здрави избори. Луѓето не можат да го постигнат својот целосен здравствен потенцијал освен доколку тие не се во можност да преземат контрола врз работите кои го одредуваат нивното здравје. Тоа мора подеднакво да се применува на жените и мажите.

**Посредување**

Предусловите и изгледите за здравје не може да се обезбедат само од здравствениот сектор. Уште поважно, за унапредување на здравјето потребно е координирано постапување од страна на сите засегнати лица: од страна на владите, од страна на здравствениот, социјалниот и економскиот сектор, невладините и волонтерските организации, локалните власти, индустријата и медиумите. Луѓето во сите аспекти од животот се вклучени како поединци, семејства и заедници. Професионалните и социјалните групи и здравствените професионалци имаат огромна одговорност за посредување помеѓу различните интереси во општеството во однос на стратегиите за унапредување на здравјето и програмите кои треба да бидат прилагодени на локалните потреби и можности на поединечни земји и региони, притоа земајќи ги предвид различните социјални, културолошки и економски системи.

**Постапувањето за унапредување на здравјето значи:**

***Градење на политика за јавно здравје***

Унапредувањето на здравјето излегува од рамките на здравствената заштита. Здравјето го става на агендата на носителите на политики во сите сектори и на сите нивоа, упатувајќи ги да бидат свесни за последиците по здравјето од нивните одлуки и да ја прифатат нивната одговорност за здравјето.

Политиката за унапредување на здравјето претставува комбинација на различни, но комплементарни пристапи вклучувајќи го законодавството, фискалните мерки, оданочувањето и организациската промена. Тоа е координирано постапување кое води кон политики за здравје, приходи и социјала со кои се поттикнува поголема правичност. Заедничкото постапување придонесува кон обезбедување на побезбедни и поздрави добра и услуги, поздрави јавни услуги, и почиста и попријатна средина.

За политиката за унапредување на здравјето потребно е да се идентификуваат пречките за усвојување на политики за јавно здравје во нездравствените сектори, и начини за нивно отстранување. Целта мора да биде здравиот избор да стане полесен избор за носителите на политики.

***Создавање на средина за поддршка***

Нашите општества се комплексни и меѓусебно зависни. Здравјето не може да се оддели од нашите цели. Неразделивата врска помеѓу луѓето и нивната средина претставува основа за социо-еколошкиот пристап кон здравјето. Главниот водечки принцип за светот, нациите, регионите и заедниците е потребата од поттикнување на реципрочно одржување – водење

грижа еден за друг, нашите заедници и нашата природна средина. Заштитата на природните ресурси ширум светот треба да се истакнува како одговорност на глобално ниво.

Менувањето на обрасците на живот, работа и слободно време има значајно влијание врз здравјето.Работата и слободното време треба да бидат извор на здравје за луѓето. Начинот на кој општеството ја организира работата треба да помогне да се создаде здраво општество. Унапредувањето на здравјето генерира животни и работни услови кои се безбедни, стимулирачки, задоволувачки и забавни.

Систематската проценка на влијанието на рапидно изменетата средина врз здравјето – особено во областите на технологија, работа, производство на енергија и урбанизација – има суштинско значење и мора да биде проследена со постапување со кое ќе се обезбедат позитивни придобивки за здравјето на јавноста. Заштитата на природната и изградената средина и заштитата на природните ресурси мора да бидат опфатени со секоја стратегија за унапредување на здравјето.

***Зајакнување на постапувањето на заедницата***

Унапредувањето на здравјето функционира преку конкретно и ефективно постапување во заедницата при поставувањето на приоритети, носење одлуки, планирање на стратегии и нивно спроведување за да се постигне подобро здравје. Зајакнувањето на заедниците се наоѓа во сржта на овој процес – сопственичкото право и контрола на нивните заложби и судбини.

Развојот на заедницата произлегува од постојните човечки и материјални ресурси во заедницата за да се зајакне само-помошта и социјалната поддршка, и да се развијат флексибилни системи за зајакнување на јавното учество во и насоките на здравствените прашања. За тоа е потребен целосен и континуиран пристап до информации, можности за учење за здравјето, како и поддршка преку финансирање.

***Развој на лични вештини***

Преку унапредувањето на здравјето се поддржува личниот и социјалниот развој со обезбедување на информации, едукација за здравје и зајакнување на животните вештини. На тој начин се зголемуваат расположливите опции за луѓето за да можат да имаат контрола врз сопственото здравје и нивната средина, и да прават избори кои се корисни за нивното здравје.

Овозможувањето на луѓето да учат во текот на животот, да се подготват за сите животни фази и да се справат со хроничните заболувања и повреди има суштинско значење. Тоа треба да се олесни во училиштето, домот, работното место и заедницата. Потребно е да се постапува преку едукативни, професионални, комерцијални и волонтерски тела, како и во рамки на самите институции.

***Промена во ориентацијата на здравствените услуги***

Одговорноста за унапредувањето на здравјето во здравствените услуги ја споделуваат поединци, групи во заедницата, здравствени професионалци, институции за здравствени услуги и владите. Тие мора да работат заедно за систем на здравствена заштита  кој придонесува за одржување на здравјето.

Улогата на здравствениот сектор мора значително да се придвижува во насока на унапредување на здравјето, надвор од границите на одговорноста  за обезбедување на клинички и куративни услуги. Здравствените услуги треба да имаат проширен мандат кој е сензитивен кон и ги почитува културолошките потреби. Со овој мандат треба да се поддржуваат потребите на поединците и заедниците за поздрав живот, и отворени канали помеѓу здравствениот сектор и поширокото социјално, политичко, економско и физичко опкружувањеs.

За промена на ориентацијата на здравствените услуги, исто така потребно е посилно внимание да се посвети на здравствените истражувања, како и промените во професионалната едукација и обука. Тоа мора да доведе до промена во ставовите и организираноста на здравствените услуги, притоа менувајќи го фокусот на целосните потреби на поединецот како целосна личност.

***Придвижување кон иднината***

Здравјето се создава и живее од луѓето во нивната средина во текот на секојдневното живеење, каде што тие учат, работат, играат и љубат. Здравјето се создава преку грижата едни за други, преку способноста да се одлучува и да се воспостави контрола врз сопствените животни околности, и преку обезбедување дека општеството во кое поединецот живее создава услови кои овозможуваат уживање на здравје од сите членови.

Водењето грижа, холизмот и екологијата претставуваат суштинско прашање во развојните стратегии за унапредување на здравјето. Оттаму, сите оние кои се вклучени за водечки принцип треба да го земат во предвид фактот дека мажите и жените треба да станат рамноправни партнери во секоја фаза од планирањето, имплементацијата и евалуацијата на активностите за унапредување на здравјето.

**Посветеност за унапредување на здравјето**

Учесниците на оваа конференција се залагаат за следното:

- Придвижување кон арената на политиката за јавно здравје, и застапување за јасна политичка посветеност кон здравјето и рамноправноста во сите сектори;

- Намалување на притисоците кон штетни производи, исцрпување на ресурсите, нездрави животни услови и средина и лоша исхрана, и фокусирање на вниманието на прашања поврзани со јавното здравје како што се загадувањето, професионалните заболувања, домувањето и населбите;

- Да се одговори на здравствениот јаз кој постои во рамки на и помеѓу општествата, и справување со нерамноправноста во здравјето кое се генерира преку правилата и практиките во секое од општествата;

- Да се прифатат луѓето како главен ресурс за здравје; да се поддржат и да им се овозможи на нив и на нивните семејства и пријатели да останат здрави преку финансиски и други средства, и да се прифати заедницата како главниот глас во прашања поврзани со нивното здравје, животни услови и добросостојба;

- Да се промени ориентацијата на здравствените услуги и нивните ресурси кон унапредување на здравјето, и споделување на овластувањата со други сектори, други дисциплини и што е најважно со самите луѓе;

- Да се прифати дека здравјето и неговото одржување се главна социјална инвестиција и предизвик; и справување со севкупното еколошко прашање за начините на кои живееме.

Конференцијата ги поттикнува сите засегнати страни да се здружат во нивната посветеност кон силен сојуз за јавно здравје.

**Повик за меѓународно постапување**

Конференцијата ја повикува Светската здравствена организација и другите меѓународни организации да се застапуваат за унапредување на здравјето на сите соодветни форуми и да ги поддржуваат земјите во подготовката на нивните стратегии и програми за унапредување на здравјето.

Конференцијата е силно уверена дека доколку луѓето во сите фази од нивниот живот, невладините и волонтерските организации, владите, Светската здравствена организација и други засегнати тела ги здружат своите сили за воведување на стратегии за унапредување на здравјето, согласно на моралните и социјалните вредности кои ја претставуваат основата на оваа ПОВЕЛБА, Здравјето за сите ќе стане реалност до 2000 година.

**ПОВЕЛБАТА Е УСВОЕНА НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО* Придвижување кон нова политика за јавно здравје, 17-21 ноември 1986 Отава, Онтарио, Канада**

*** Заеднички спонзорирано од страна на Канадската асоцијација за јавно здравје, Здравје и благосостојба во Канада, и Светската здравствена организација**